| | | Стр. |
|---|---|---|
| 288. | **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје…. | 69 |
| 289. | **Одлука** за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост…………... | 69 |
| 290. | **Одлука** за давање согласност на Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации……………………… | 69 |
| 291. | **Одлука** за продажба на деловен простор со кој стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје | 70 |
| 292. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација ..................................... | 75 |
| 293. | **Правилник** за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист ........... | 77 |
| 294. | **Правилник** за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите.............. | 79 |
| | **Огласен дел**....................................... | 1-48 |


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**273.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за даночна постапка, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јануари 2015 година.

Бр. 08 – 458/1
28 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009, 133/2009, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12 и 187/13), во членот 179-в ставот (3) износот „150“ се заменува со износот „1.000“, а износот „500“ се заменува со износот „1.500“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

### L I GJ
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PROCEDURË TATIMORE

Neni 1

Në Ligjin për procedurë tatimore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009, 133/2009, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12 dhe 187/13), në nenin 179-v paragrafi (3) shuma "150“ zëvendësohet me shumën "1 000“, ndërsa shuma "500“ zëvendësohet me shumën "1 500“.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**274.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јануари 2015 година.

Бр. 08 – 459/1
28 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/11, 13/13, 188/13 и 43/14), во членот 2 во точката 3 зборот „писмен” се брише.

Точката 39 се менува и гласи:

„„Сертификат за депозит“ е неограничено пренослива должничка хартија од вредност издадена од издавач - банка или штедилница како доказ за сопственост на депозит, со кој издавачот се обврзува да го исплати иматалот на сертификатот на начин и под услови содржани во истиот.”

Во точката 44 по зборовите: „потврда за странска хартија од вредност” се става запирка и се додаваат зборовите: „сертификат за депозит”.